# Конечен договор за решавање на македонско - грчкиот спор за името и за стратешко партнерство - Упатство за медиумите

Имајќи ја предвид неодамнешната промена на официјалното име на Северна Македонија, доставуваме водич што би се користел при давање опис за нашата земја согласно Договорот од Преспа. Најљубезно молиме да ги употребувате следните термини:

- Официјалното име на земјата: „Република Северна Македонија"; Кратко име: „Северна Македонија".
- Националност (државјанство): Македонско/граѓанин на Република Северна Македонија
- Официјален јазик: „Македонски јазик"
- Кодови за земјата: MK и МКД
- Придавката „македонски/о/а" **да се употребува кога е поврзано со етнички и културен идентитет** за народот, нашиот јазик, историја, култура, наследство, територија и останати особености. Ваквите термини во овој контекст се особено различни од оние што се употребуваат и се поврзани со регионот на Македонија во Грција.

**Правилни примери:** Македонски етнички идентитет, Македонски јазик, Македонска култура, Македонска територија, Македонски народ, Македонска историја, Македонски планини, Македонска литература, Македонско кирилско писмо, Македонска храна, Македонски цркви итн.

**Неправилни примери:** Други придавки, вклучително и „Северно македонски", „С. Македонски" и „СеверноМакедонски", **не треба да се употребуваат**.

- Придавната форма за државата, нејзините официјални органи и другите јавни институции како и приватните ентитети и актери што се поврзани со државата, воспоставени со закон, и уживаат финансиска поддршка од државата за активности во странство, треба да биде: „на Република Северна Македонија" или „ Северна Македонија".

**Правилни примери** за државата, нејзините официјални органи и останати јавни институции: Влада на Република Северна Македонија, Претседател на Северна Македонија, Министер за надворешни работи на Северна Македонија, Министерот за одбрана на Северна Македонија, Општина Охрид од Северна Македонија, Универзитет Св. Кирил и Методиј од Северна Македонија.

**Неправилни примери:** Други придавки, вклучително и „Северно македонски", „Македонски", „С. Македонски" и „СеверноМакедонски", **не треба да се употребуваат во овие случаи**.

- Придавните форми за активности **исто така можат да бидат** „македонски/о/а"

**Правилни примери:** македонска економија, здравствен сектор на Република Северна Македонија, македонска уметност, македонска музика, македонско земјоделство, македонска архитектура, прехранбена индустрија на Северна Македонија итн.

**Неправилни примери:** Други придавки, вклучително и „Северно македонски", „С. Македонски" и „СеверноМакедонски", **не треба да се употребуваат во овие случаи**.

---

Duke marrë parasysh ndryshimin e fundit të emrit zyrtar të Maqedonisë së Veriut, paraqesim udhëzues që do të mund të përdoret gjatë përshkrimit të vendit tonë në përputhje me Marrëveshjen e Prespës.

- Ju lusim t'i përdorni termat në vijim:
- Emri zyrtar i shtetit: "Republika e Maqedonisë së Veriut"; Emri i shkurtër: "Maqedonia e Veriut".
- Shtetësia: Maqedonase /qytetar i Republikës së Maqedonisë së Veriut
- Gjuhë zyrtare : Gjuha maqedonase
- Kodet e shtetit: MK dhe MKD
- Mbiemri "maqedonas /maqedonase" **të përdoret kur ka të bëjë me identitetin etnik dhe kulturor** të popullit, gjuhës sonë, historisë, kulturës, trashëgimisë, territorit dhe karakteristikat e tjera. Termat e tilla në këtë kontekst janë veçanërisht të ndryshme nga ato që përdoren dhe që kanë të bëjnë me rajonin e Maqedonisë në Greqi.

**Shembuj për përdorim të drejtë**: Identiteti etnik maqedonas, gjuha maqedonase, kultura maqedonase, territori maqedonas, populli maqedonas, historia maqedonase, malet maqedonase, letërsia maqedonase, shkrimi cirilik maqedonas, ushqimi maqedonas, kishat maqedonase e të tjera.

**Shembuj me përdorim të gabuar**: mbiemra të tjerë, duke përfshirë edhe "Maqedonaso-veriorë", "Maqedonisë V." dhe "Maqedonasoveriorë", **nuk duhet të përdoren**.

- Forma shtuese për shtetin, organet e tij zyrtare dhe institucionet e tjera publike, si dhe subjektet private dhe aktorët, që kanë të bëjnë me shtetin të themeluar me ligj dhe shfrytëzojnë mbështetje financiare nga shteti për veprimtari jashtë shtetit, **duhet të jetë**: " i Republikës së Maqedonisë së Veriut" ose "Maqedonia e Veriut".

**Shembuj me përdorim të drejtë** për shtetin, organet e tij zyrtare dhe institucionet e tjera publike: Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, Kryetari i Maqedonisë së Veriut, Ministri i Punëve të Jashtme i Maqedonisë së Veriut, Ministri i Mbrojtjes i Maqedonisë së Veriut, Komuna e Ohrit e Maqedonisë së Veriut, Universiteti “Shën Kirili dhe Metodi”i Maqedonisë së Veriut.

**Shembuj me përdorim të gabuar**: mbiemra të tjerë, duke përfshirë edhe “Maqedonaso-veriorë”, “i Maqedonisë”, “Maqedonisë V.” dhe “Maqedonasoveriorë”, **nuk duhet të përdoren në këto forma**.

- Format shtuese për veprimtaritë **gjithashtu mund të jenë** “maqedonas / maqedonase”

**Shembuj me përdorim të drejtë**: ekonomia maqedonase, sektori shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut, arti maqedonas, muzika maqedonase, bujqësia maqedonase, arkitektura maqedonase, industria ushqimore e Maqedonisë së Veriut etj.

**Shembuj me përdorim të gabuar**: mbiemra të tjerë, duke përfshirë "Maqedonaso-veriorë",“Maqedonisë V.” dhe “Maqedonasoveriorë ”, **nuk duhet të përdoren në këto raste**.

Последно ажурирање: 23 јануари 2023